


СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***февруари 2019 година***
***ЕУЦ-број 42/2019***


## ПЛЕНАРНА СЕСИЈА НА ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ НА РЕГИОНИТЕ




Европскиот комитет на регионите на 6 и 7 февруари 2019 година ја одржа 133 пленарна сесија. Во една од дебатите како претставник на романското претседателство со Советот на ЕУ учествуваше романската премиерка Виорика Данчила.
Улрике Хилер, член на Сенатот и претставник на Слободниот ханзеатски град Бремен во дебатата ги презентираше препораките на регионите и градовите за програмата Еразмус.
Европскиот комитет на региони смета дека новата иницијатива DiscoverEU, која обезбедува бесплатни патни премини за младите луѓе, може да се зајакне преку јавно-приватни партнерства од мобилниот и туристичкиот сектор.
На пленарната седница, Комитетот усвои мислење за програмата Креативна Европа. Во Мислењето, едногласно усвоено на пленарната сесија на Комитетот се повикува законодавните текстови за следната рамковна програма на Хоризонт Европа - ЕУ за истражување и иновации - да вклучат прецизна дефиниција на регионалните екосистеми и центри за иновации и за понатамошно зајакнување на врските со регионалните стратегии за паметна специјализација.
Според известителот Биргита Сакредеус, член на окружниот совет на Даларна од суштинско значење е справувањето со регионалните диспаритети кои ризикуваат да се зголемат како последица на можните намалувања на финансирањето на кохезиската политика.
Потребни се етички упатства и предлози за зајакнување на правото на европско ниво за да се осигура дека главните социјални и економски трансформации предизвикани од вештачката интелигенција ќе доведат до подобар квалитет на живот за европските граѓани, се наведува во мислењето изготвено од Јан Треи, градоначалник на рурална општина Виемси.
Членовите на Европскиот комитет на регионите едногласно усвоија мислење за дигитализацијата во здравствениот сектор., кое ќе придонесе кон Комуникацијата на Европската комисија од април 2018 година за дигитална трансформација на здравството и грижата во дигиталниот единствен пазар.
Членовите на Европскиот комитет на регионите едногласно усвоија мислење за 8-мата Акциона програма за животна средина (EAP), претстојната рамка на ЕУ за приоритетите и целите на политиката за животна средина.
RegHub - новиот Преглед на мрежата на регионални центри на Комитетот за имплементација на ЕУ политиките, ќе придонесе за подобрување на животната средина преку пронаоѓање на недостатоци и решенија на територијата на ЕУ.
Комитетот на региони усвои Мислење со кое даде целосна поддршка за поедноставување на предлозите од Европската комисија во мај 2018 година за забрзување на имплементацијата на проекти, усогласување на постапката и техничките стандарди и зголемување на интероперабилноста.
Подобрувањето на имплементацијата на TEN-T е од суштинско значење за територијалната, економската и социјалната кохезија на ЕУ.

https://cor.europa.eu/en

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Пленарна сесија на Европскиот комитет на региони | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| иИвестиции за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Консултации за финансирање во европската енергетска инфраструктура | 7 |
| Санкции за Мастеркард | 7 |
| Субвенции од буџетот на ЕУ за сточарството | 8 |
| Поголема транспарентност условите за работа во ЕУ | 8 |
| Водич за европските комесари кои ќе учествуваат на Европските избори | 9 |
| Здравјето на децата во Европската унија | 9 |
| Нови правила за граѓаните во ЕУ | 10 |
| Интероперабилност помеѓу информативните системи на ЕУ | 10 |
| Нови правила за унапредување на безбедноста на пациентите | 11 |
| ЕУ календар / март 2019 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 11-14 февруари 2019***

На февруарската пленарна сесија на ЕП европратениците усвоија измени на правилата за осигурување на моторни возила со цел подобра заштита на жртвите на сообраќајни несреќи. Целта на предлогот е подобрување на постојната Директива за осигурување на моторни возила во пет области. Новите правила бараат од националните тела за компензација да ги покријат трошоците што произлегуваат од побарувањата кога осигурувачот на моторното возило од одговорната страна е несолвентен. Со ова ЕП го обезбедува правото на надомест на жртвите за период од најмногу 6 месеци.

Европратениците усвоија резолуција со која се повикуваат Комисијата и националните власти да подвлечат јасна дистинкција помеѓу медицинскиот канабис и другите намени на канабисот. Европската комисија и земјите-членки треба да ги решат регулаторните, финансиските и културните бариери што ги оптоваруваат научните истражувања преку правилно финансирање на истражувањата. Регулирањето на лекови кои се базираат на канабис ќе претставува дополнителен приход за јавните власти и ќе го ограничи црниот пазар. Од друга страна, со овој чекор ќе се ограничи пристапот на малолетниците до оваа супстанција.

Земјите-членки на ЕУ мора подобро да ги спроведат постојните правила за заштита на животните при транспорт. Во резолуцијата, усвоена од 411 гласа, 43 против и 110 воздржани, европратениците го обновија повикот на Европскиот парламент од 2012 година за силно и унифицирано спроведување на законот на ЕУ за заштита на транспортирани животни, кој во моментов слабо се применува од некои земји-членки. За спроведување на новите правила европратениците предложија воведување на модерна технологија (геолокациски системи) за следење на локацијата на животните и времетраењето на патувањето во реално време. Во резолуцијата се препорачува формирање на анкетна комисија за благосостојбата на животните транспортирани во ЕУ и надвор од неа на почетокот на следниот парламентарен мандат.

Парламентот усвои поедноставени заеднички правила за инвестирање во сите региони на Унијата и се спротивстави на суспензијата на регионалното финансирање на ЕУ, зависно од националните економски цели. Новите правила беа усвоени со 460 гласа за, 170 против и 47 воздржани. Овие сеопфатни правила со кои се регулираат Регионалните кохезиони и социјални трошења (2021-2027) се клучни за постојано инвестирање во регионите и заедниците, со зголемена поддршка на помалку развиените региони. Европскиот парламент е подготвен за започнување на преговори со министрите на ЕУ.

Надградбата на механизмот за цивилна одбрана на ЕУ, досега тестиран во 2017 и 2018 година во справувањето со пожари, бури и поплави ја доби поддршката од Европскиот парламент.

Целта на новата легислатива, неофицијално договорена со Советот во декември, е да им помогне на земјите-членки да реагираат побрзо и поефикасно на природните и вештачки катастрофи, преку поефикасно споделување на средствата за цивилна заштита. Законот создава резерва на ресурси (RescEU), како што се авиони за гаснење на шумски пожари, пумпи со висок капацитет, теренски болници и медицински екипи за итни случаи, за употреба во сите видови на итни случаи. RescEU ќе помогне кога ресурсите распоредени од страна на земјите-членки не се доволни да одговорат на одредена катастрофа, по одлуката на Европската комисија.

Европскиот парламент даде зелено светло за договорите за слободна трговија и инвестиции помеѓу ЕУ и Сингапур. Со договорот за слободна трговија ќе се отстранат практично сите тарифи помеѓу двете страни во рок од пет години. Договорот, вклучува зајакнување на работничките права и заштита на животната средина, елемент особено важен за Парламентот.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Со Договорот за заштита на инвестициите се регулира решавањето на судските спорови помеѓу инвеститорите и државата, додека Договорот за партнерство и соработка ја проширува соработката надвор од областа на трговијата. Стапувањето во сила на овие два договори ќе следува по нивното ратификување од земјите-членки на ЕУ.

Европратениците усвоија нови правила за регулирање на услугите за конверзија на евро валутата во прекугранични плаќања. Банките треба подеднакво да наплаќаат за услугата како во прекуграничните, така и во домашните плаќања во евра. Трошоците за конвертирање на валутите треба да бидат транспарентни. Потрошувачите ќе добијат известување по електронски пат (текстуална порака, и-мејл или преку мобилната или веб-банкарска апликација на плаќачот) за применливите трошоци за конверзија на валутата. Овие услуги за известување треба да бидат понудени бесплатно. Банките ќе мора да ги прикажат проценетите трошоци за конверзија на валута во случај на банкарски трансфери пред да се изврши исплатата.

Со цел заштита на стратешките сектори, ЕП даде согласност за воспоставување на алатка за прикажување на странските директни инвестиции (СДИ) врз основа на безбедноста на ниво на ЕУ. Новите одредби го зајакнаа механизмот за соработка и размена на информации помеѓу земјите-членки на ЕУ, кои можат да дадат коментари за СДИ кои се насочени кон други земји-членки. Европската комисија може да побара информации и да достави мислење до земјата каде што е планирана инвестицијата, но конечната одлука останува на засегнатата земја.

Структурата и изворите на СДИ инвестиции во ЕУ драстично се изменети во изминатите 20 години. Инвестициите од Кина се зголемени за шестпати, а од Русија повеќе од двојно.

Европскиот парламент ја нагласи потребата од брзо формирање на Домот на народите на Федерацијата на Босна и Херцеговина согласно одлуките на Уставниот суд на земјата. Европратениците ги повикаа властите во БиХ да продолжат со уставните, политичките и изборните реформи со цел унапредување на процесот на интеграција во ЕУ.



www.europarl.europa.eu

## ИНВЕСТИЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ГРАЃАНИТЕ

Европската комисија на 15 февруари годинава објави инвестиција од 116,1 милиони евра за најновите интегрирани проекти финансирани преку LIFE - Програмата за животна средина и климатски промени. Програмата ќе даде поддршка за 12 големи еколошки и климатски проекти во десет земји-членки на ЕУ: Австрија, Бугарија, Чешка, Естонија, Финска, Грција, Унгарија, Италија, Португалија и Словенија. Интегрираните проекти го подобруваат квалитетот на живот на граѓаните и даваат помош во усогласување со законодавството на ЕУ во петте области: природа, вода, квалитет на воздухот, намалување на емисиите на стакленички гасови и прилагодување на климатските промени. Интегрираните проекти LIFE се воведени во 2014 год. со цел да помогнат на земјите-членки во усогласувањето со клучните законодавство за животна средина, природа и клима. Во тек се околу 1100 проекти. За следниот долгорочен буџет на ЕУ 2021-2027, Комисијата предлага зголемување на финансирањето за 60% преку Програмата LIFE.

Избраните 12 проекти се со буџет од 215,5 милиони евра, вклучувајќи 116,1 милиони евра со кофинансирање од ЕУ. Земјите-членки може да користат и други извори на финансирање, вклучувајќи ги земјоделските, регионалните и структурните фондови, Хоризонт 2020, како и националните фондови и инвестициите во приватниот сектор. На тој начин се доаѓа до мобилизација на дополнителни 3,2 милијарди евра. Програмата LIFE постои од 1992 година и досега кофинансира повеќе од 4600 проекти низ ЕУ и во трети земји.




http://europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери, и делегацијата составена од претседателката и членовите на Пратеничката група за соработка на Собранието со Парламентот на Република Словенија, Фросина Ташевска Ременски, Нада Ципушева и Шпреса Хадри, својата дводневна официјална посета на Република Словенија ја започнаа со средбата со домаќинот, претседателот на Државниот збор, Дејан Жидан на 11 февруари 2019 година. За време на официјалната посета претседателот Џафери оствари одделни средби со претседателот на Република Словенија, Борут Пахор, претседателот на Владата на Република Словенија, Марјан Шарец и министерот за надворешни работи на Република Словенија, Миро Церар. На средбите г. Џафери информираше за актуелните активности во Собранието и изрази благодарност за поддршката на Република Словенија во напорите за интегрирање на нашата земја во НАТО и ЕУ. Во текот на средбите, претседателот Џафери потсети дека Република Северна Македонија посветено ги исполнува неопходните реформи од приоритетните области вградени во Планот 3-6-9 и Планот 18. На средбите соговорниците се согласија дека е потребно да се интензивира соработката меѓу двете земји, особено во економскиот дел, што придонесува за побезбедна и посигурна Европа. По повод ратификацијата на Протоколот за членство на Република Северна Македонија во НАТО, претседателот Џафери имаше свое обраќање пред пратениците во Државниот збор на Република Словенија. Во своето излагање ја истакна улогата на двата парламенти кои во изминативе децении воспоставија интензивни и ефикасни билатерални односи.

Во рамки на посетата на Словенија Делегацијата предводена од претседателот на Собранието, на 12 февруари 2019 година оствари средба со Комисијата за прашања на Европската унија, Комисијата за одбрана и Групата за пријателство во Државниот збор на Република Словенија. На средбата претседателот Џафери посвети посебно внимание на значењето и комплексноста на процесот на преговори, при што подвлече дека тука ќе биде потребно искуството и знаењето на Република Словенија. На крајот на средбата, беше потенцирано значењето за зајакнување и интензивирање на соработката на парламентарно ниво во области кои се од заеднички интерес. Во таа насока, претставниците на Групите за соработка на двете земји нагласија дека ќе преземат иницијатива за развивање на комуникацијата преку која може да се реализираат заеднички активности од областа на економијата, културата и животната средина.



---



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 05 февруари 2019 година оствари средба со генералниот секретар на Централноевропската иницијатива (ЦЕИ), италијанскиот сенатор Роберто Антоњоне. На средбата соговорниците разменија повеќе информации и мислења околу досегашната и идна соработка на нашата земја во рамките на ЦЕИ. Претседателот Џафери, потенцираше дека улогата на парламентарната соработка во рамките на ЦЕИ е од големо значење и нагласи дека парламентарната делегација на Собранието на Република Северна Македонија активно ќе продолжи да учествува во работата на парламентарната димензија на ЦЕИ и во наредниот период. Со тоа се отвораат многу можности за директна и непосредна комуникација и соработка меѓу државите на сите полиња.



Средба со Роберто Антоњоне оствари и Делегацијата на Собранието во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ). На средбата присуствуваа шефот на Делегацијата, Фадил Зендели и членовите Елизабета Канчевска-Милевска и Мирсада Емини-Асани. На средбата сенаторот Антоњоне го поздрави потпишувањето на пристапните протоколи на НАТО, значаен момент за стабилноста на Регионот и изрази подготвеност за целосна поддршка на процесот од страна на ЦЕИ.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



По повод Ратификацијата на Протоколот на Северноатлантскиот сојуз за членство на Република Северна Македонија во НАТО,претседателот Талат Џафери имаше свое обраќање пред пратениците на парламентите на Република Албанија на 14 февруари, и на Република Бугарија на 20 февруари 2019 година. Во говор претседателот г. Џафери се осврна на неодамна усвоените уставни промени со кои врз основа на Преспанскиот договор, потпишан од владите на Република Северна Македонија и Грција се надмина скоро три децении долгиот спор околу уставното име на нашата држава. Претседателот Џафери изрази надеж дека оваа година Република Северна Македонија ќе добие датум за започнување на преговорите со Европската Унија.



---



Претседателот Џафери на 05 февруари 2019 година оствари средба со заменикот на претседателот на Владата на Република Хрватска и министер за одбрана, г. Дамир Крстичевиќ, кој престојува во дводневна официјална посета на Република Македонија. На средбата присуствуваше и пратеникот Павле Богоевски како член на Комисијата за одбрана и безбедност.
Министерот Крстичевиќ изрази силна поддршка за Република Северна Македонија во процесот на интегрирањето во Европската Унија и нагласи и дека за време на Хрватското претседателство со ЕУ во 2020 година, фокусот ќе биде ставен на просторот на Југоисточна Европа.

---

На 4 февруари 2019 година претседателот на Собранието и генералниот секратар, г-ѓа Цветанка Иванова оствариja средба со амбасадорот на САД во Република Северна Македонија, Џес Бејли, на која присуствуваше и новата директорка на канцеларијата на УСАИД за Македонија, Гречен Биркл.
На средбата се дискутираше за досегашната соработка помеѓу Собранието и Американската организација за меѓународен развој (УСАИД) преку проектите реализирани од Националниот демократски институт, кои ја поддржуваат работата на Собранието. Претседателот Џафери изрази задоволство и благодарност за досегашната соработка и поддршка и нагласи дека Собранието е отворено за понатамошна соработка со нашите стратешки партнери. Делејќи го истиот став на претседателот Џафери, Иванова и соговорниците се согласија дека има резултати од досегашната соработка и заклучија дека постои заемен интерес, волја и простор оваа соработка да продолжи да се унапредува во иднина.



---

Делегација на Собранието во состав: Агим Шаќири, заменик-претседател и Хари Локвенец, член на Комисијата за економски прашања, на 21 февруари 2019 година учествуваше на состанок посветен на енергетската ефикасност, во организација на Енергетската заедница и на Парламентарен форум за Југоисточна Европа за енергетска ефикасност и клима, во организација на германското здружение за соработка, кои се одржаа во Брисел, Кралството Белгија. Свое излагање имаше пратеникот Локвенец, при што истакна дека во изминатиот период е забележан напредок од страна на договорните страни на Енергетската заедница во постигнување на поставените цели за учеството на обновливите извори во вкупното производство на енергија. „Како земји потписнички на Парискиот договор за климатски промени, обврзани сме да посветуваме поголемо внимание на употребата на обновливите извори и заштита на животната средина“, истакна Локвенец.



www.sobranie.mk

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието г.Талат Џафери на 26 февруари се сретна со г-ѓа Натали Лоазо, министер за Европски прашања при Министерството за Европа и за Надворешни работи на Република Франција. Дел од Делегацијата беа и г-ѓа Марта де Сидрак, претседател на групата Франција-Западен Балкан во Сенатот и г. Бертран Сор, пратеник од Националното Собрание, претседател на групата за пријателство Франција-Северна Македонија. На средбата беше присутен и пратеникот Панче Иванов, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Француската Република. Претседателот Џафери изрази задоволство што билатералните односи меѓу двете држави ги карактеризира стабилен и отворен дијалог, се заблагодари и на поддршката што Франција ја дава за процесот на нашите евроинтеграции и нагласи дека имајќи ја предвид влијателната улога на Франција и во НАТО и во ЕУ. Министерката Лоазо во името на Франција упати честитки за постигнувањето на Договорот од Преспа, нагласувајќи ја притоа важната улога на Собранието на Северна Македонија во процесот на завршување на спорот со Грција. Таа истакна дека Франција ќе биде со нас на нашиот пат кон Европската унија се до постигнување на успех а поддршка во име на Сенатот и во име на Националното Собрание изразија и сенаторката де Сидрак и пратеникот Сор.

Комисијата за европски прашања одржа работна средба со министерката за европски прашања при Министерството за Европа и за Надворешни работи на Република Франција, Натали Лоазо. Претседателот на Комисијата Артан Груби се заблагодари за досегашната француска поддршка на евроинтегративните процеси на земјата. По повод различните ставови помеѓу опозицијата и власта, Груби истакна дека “сите ние дишеме ист воздух, не грее исто сонце, имаме различни убедувања и гледишта, но заедничка ни е целта, Европска Македонија”. Груби истакна дека, за нас е особено важно да не поддржи Франција имајќи во предвид нејзиното место и влијание во евроатлантските структури. Министерката Лоазо ја повтори европската перспектива на регионот и во тој контекст и на Северна Македонија, но, со укажување дека е потребно исполнување на сите критериуми во поглавјата. Таа ја потврди француската поддршка за нашите евроинтегративни процеси, при што посочи дека треба да се има предвид и можноста Унијата да се реформира во поглед на нејзиното функционирање, пред следното проширување со нови земји членки.









На покана од ПС на НАТО, на заедничките состаноци на Комитетите на ПС на НАТО со Северноатлантскиот совет (NAC), кои се одржаа од 18 до 20 февруари 2019 година во Брисел, учествуваа пратениците Илија Димовски, шеф на Делегацијата на Собранието во ПС на НАТО и Весел Мемеди, потпретседател на Собранието и член на Делегацијата. Специјален гостин на сесијата беше Ненси Пелоси, спикер на Конгресот на САД, која на самиот почеток искрено ја поздрави нашата делегација и упати честитки за скорешното приклучување на Република Северна Македонија во НАТО, при што истакна дека Преспанскиот договор е голема придобивка за светските демократски вредности.

Шефот на Делегацијата, Илија Димовски, во своето обраќање пред присутните, се заблагодари на искрените честитки и истакна дека потпишувањето на Пристапниот договор за членство на нашата земја во НАТО претставува финализација на нашата евроатлантска интеграција. Укажа дека нашата држава презеде болни и тешки одлуки кои заслужуваат почит од сите НАТО сојузници, при што потенцираше дека нашата држава е таа која најмногу направи во конечното разрешување на овој тридецениски спор.

Потпретседателот Мемеди во прашањето до Могерини ја постави потребата од посилна соработка меѓу НАТО И ЕУ, особено кон помалите земји, кои очекуваат поголема поддршка во нивното консолидирање кон овие две големи меѓународни организации.

## КОНСУЛТАЦИИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА




Европската инвестициона банка како една од најголемите финансиери на глобалната енергетска инфраструктура, започна јавна консултација за финансиска и советодавна поддршка на овој сектор, за зајакнување на влијанието на идното енергетско кредитирање.

Во текот на следните три месеци, ЕИБ заедно со засегнатите страни, акционерите, индустриските здруженија, граѓанското општество и приватниот сектор, ќе се обединат со цел да развијат нова политика за кредитирање која ќе ги поддржи енергетската политика и климатските цели на ЕУ 2030 година.

Дијалогот со засегнатите страни ќе се одрази врз неодамнешната поддршка од ЕИБ за инвестиции во енергетиката и ќе ги разгледа клучните трендови и инвестициските предизвици со кои се соочува овој сектор.

Консултациите ќе вклучат анализа како со идните инвестиции поддржани од ЕИБ може да се намали потрошувачката на енергија преку енергетска ефикасност, подобра поддршка на обновливите извори на енергија, подобрување на финансиската и советодавната поддршка за енергетските иновации и безбедноста на инфраструктурата од суштинско значење за енергетската транзиција.

Дискусијата ќе вклучи и специфични размислувања за поддршка на инвестициите во енергијата во земјите во развој и економиите во развој надвор од Европа.

Новата политика ќе ги замени критериумите за енергетски кредити на ЕИБ, усвоени пред шест години, во контекст на целите на Европа 2020, кои обезбедија зајакната поддршка за финансирање на чиста енергија, вклучувајќи и обновлива енергија, енергетска ефикасност и поврзани електрични мрежи. Европската инвестициона банка е една од најголемите светски енергетски заемодатели.

Во последните пет години, ЕИБ обезбеди повеќе од 49 милијарди евра за инвестиции во енергетиката во Европа.

www.eib.org

## САНКЦИИ ЗА МАСТЕРКАРД

Европската комисија ја казни Mastercard со 570,5 милиони евра, заради ограничување на можноста да обезбеди за подобри услови за трговците, поповолни такси при плаќањата и примена на регулативи кои предизвикале вештачко зголемување на трошоците за плаќање со кредитните картички на штета на потрошувачите и трговците во ЕУ. Мастеркард е втора по големина шема за картички во Европската економска област за издавање на картички и вредносни трансакции. Според шемата на Мастеркард, банките нудат услуги поврзани со платежните картички под заедничка група, Mastercard и Maestro. Во април 2013 година, Комисијата отвори формална антимонополска истрага против Mastercard за да процени дали овие правила за "прекугранично стекнување" биле во спротивност со антимонополските правила на ЕУ. Во јули 2015 година, Комисијата даде Изјава со приговори.

Истрагата на Европската комисија утврдила дека поради прописите на Мастеркард, продавачите плаќале поскапи банкарски услуги отколку што би ги плаќале доколку слободно можеле да изберат поевтини банкарски услуги ширум Европа. Како резултат на тоа, Комисијата одлучи да изрече парична казна на Mastercard.

Комисијата заклучи дека правилата на Мастеркард до 9 декември 2015 година го прекршиле членот 101 од Договорот за функционирање на ЕУ, кој забранува договори помеѓу компании или одлуки на здружението на претпријатија што ја спречуваат и ограничуваат конкуренцијата во рамките на Единствениот пазар на Унијата.

Европската комисија креираше алатка со која субјектите полесно може да известат за постоење на антимонополско однесување. Алатката ја штити анонимноста на информаторите преку специјално дизајниран шифриран систем за пораки со двонасочна комуникација.

http://europa.eu

## СУБВЕНЦИИ ЗА СТОЧАРСТВОТО ОД БУЏЕТОТ НА ЕУ




Според новиот извештај на Гринпис, од 12 февруари 2019, субвенциите на ЕУ за поддршка во земјоделството и помош на сточарскиот сектор, изнесуваат од 28,5 до 32,6 милијарди евра. Или тоа значи помеѓу 18% и 20% од буџетот на ЕУ.

„Овие средства треба да го поддржат екстензивното сточарство и фармерите во одгледување животни преку еколошки одговорни методи и да поттикнат здрава и одржлива, претежно растителна храна“, се вели во извештајот.

Сточарството влијае врз зголемување на емисијата на стакленички гасови повеќе од одгледувањето на зеленчук и овошје. Сепак, земјоделците најчесто прават избор во својот бизнис врз основа на пазарот и владини стимулации. За намалување на производството на месо, потребна е помала потрошувачка на месо.

Според истражување спроведено уште во 2014 година се проценува дека ако граѓаните на ЕУ консумираат 50% помалку месо, млечни производи и јајца, ќе се намалат емисиите на стакленички гасови од земјоделството за 25 до 40%. Истата година, меѓувладиниот панел за климатски промени на ОН, во извештајот укажал дека има многу поголем потенцијал за намалување на емисиите на стакленички гасови во земјоделскиот сектор преку промени во потрошувачката, отколку во технолошките подобрувања.

Од здравствена аспект, во ЕУ треба да се намали потрошувачката на црвеното месо и да се консумира двојно повеќе овошје и зеленчук со цел намалување на глобалното затоплување и истовремено да се води здрав начин на живот. Во извештајот се проценува дека во 2017 година, околу 71% од европските обработливи површини се користеле за производство на сточна храна за сточарскиот сектор, за кој Гринпис истакнал дека претставува „неефикасно искористување на природните ресурси“.

https://euobserver.com

---

## ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ЕУ




Романското претседателство со Советот на ЕУ и Европскиот парламент постигнаа прелиминарен договор за директиви кои треба да обезбедат потранспарентни и предвидливи услови за работа во ЕУ, Договорот ќе биде поднесен до претставниците на земјите членки во Советот на ЕУ, за усвојување.

Целта на новото законодавство е да одговори на предизвиците на пазарот на труд, предизвикани од демографските промени, дигитализацијата и новите форми на вработувања. По усвојување на новото законодавство, ќе се укине директивата од 1991.

Со новите директиви работодавачите ќе мора да ги информираат работниците за важните аспекти на работниот однос, како:

- идентитетите на страните во работниот однос, местото и природата на работата;
- иницијалниот основен износ на награда и износ на платено отсуство;
- времетраењето на стандардниот работен ден или недела кога работната шема може да се предвиди.

Кога работната шема е повеќе или помалку непредвидлива, работодавците исто така треба да ги информираат работниците за часовите и денови за кои би можело да се побара да работат, минималниот период на предвремено известување на работниците пред започнувањето на работата и износот на гарантирани платени часови.

Прелиминарниот договор вклучува бројни минимални права за работниците:

-можноста за паралелна работа кај друг работодавач;

-лимитирање на пробната работа на максимум 6 месеци, со дозволени подолги периоди само во случаи кога е во интерес на работникот или е оправдано поради природата на работата; и добивање на бесплатна обука, кога таквата обука се бара согласно европското или националното законодавство.

www.consilium.europa.eu

## ВОДИЧ ЗА ЕВРОПСКИТЕ КОМЕСАРИ КОИ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА ЕВРОПСКИТЕ ИЗБОРИ

Европската комисија објави практични упатства за етички стандарди за членовите на Европската комисија кои ќе учествуваат на европските избори за ЕП, во мај годинава. Упатствата се со цел да се гарантира хармонизирано спроведување на ревидираниот Кодекс за однесување кој им овозможува на Комесарите активно учество во Европските парламентарни избори и истовремено да ги извршуваат своите работни обврски.

На крајот од 2016 година претседателот на Европската комисија, Жан Клод Јункер предложи нов Кодекс на однесување со кој се овозможува активно учество на комесарите во изборната трка на ЕП, меѓу другото во својство на водечки кандидати (главни кандидати) за функција претседател на ЕП. Изменетиот Кодекс на однесување стапи во сила во јануари 2018 година.

Според Кодексот на однесување, комесарите ќе мора да избегнуваат ситуации на судир на интереси, како и ситуации ако на пример поранешните комесари имаат намера да работат во области кои се поврзани со нивните поранешни ресори, за што прво ќе треба да го консултираат независниот етички комитет. Одлуките на Комисијата и мислењата на Комитетот поврзани со таквите одлуки ќе бидат јавно објавувани.

Во упатствата на ЕК се наведува дека комесарите кои ќе учествуваат во изборна кампања мора да го информираат Претседателот на Комисијата.

Комесарите нема да можат да ја користат веб-страницата на Европската комисија за целите на кампањата. Упатствата јасно наведуваат дека целокупната финансиска или материјална поддршка за кампањите и учесниците мора да биде насочена само на организирање на кампањата.

Доколку се појави ситуација во која може да се појави судир на интереси, комесарот што учествува во кампањата треба да го извести претседателот на ЕК, кој ќе ги преземе неопходните мерки.

http://europa.eu




---

## ЗДРАВЈЕТО НА ДЕЦАТА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во Европската унија повеќе од 95% од децата имаат добро или многу добро општо здравје. Овој процент според возрасната група е:

- кај децата на возраст под 5 години изнесува 96,5%,
- кај децата на возраст од 5 до 9 години изнесува 95,9%, и
- кај децата на возраст од 10 до 15 години изнесува 95,2%.

Процентот на деца чие општо здравје се смета дека е лошо или многу лошо е под 1% за сите возрасни групи на деца. Помалку од 5% од децата во ЕУ се смета дека имаат ограничувања во активностите поради здравствени проблеми:

- Умерени ограничувања - 3,7 %, и
- Сериозни ограничувања - 1,2 %

Во речиси сите земји членки, помалку од 1% од децата под пет години имаат сериозни ограничувања во активностите поради здравствени проблеми.

Овие податоци за здравјето на децата во ЕУ ги издава Еуростат (Статистички завод на ЕУ). Податоците се земени од ад хок модулот за здравствена заштита и здравјето на деца за 2017 година на ЕУ - Статистиката за приходи и услови за живеење (EU-SILC). Истражувањата на EU-SILC се референтен извор на ЕУ за компаративна статистика за распределба на приходот, сиромаштијата и условите за живот. Во истражувањето вклучени се следните земји-членки на ЕУ: Белгија, Бугарија, Чешка, Данска, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска и Обединетото Кралство.

https://ec.europa.eu/



## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ГРАЃАНИТЕ ВО ЕУ



Граѓаните на ЕУ кои живеат или патуваат во друга земја на ЕУ мора да добијат печат за доказ на автентичноста на јавните документи. Со ова прашање се соочуваат околу 17 милиони граѓани на ЕУ што живеат во друга земја и околу два милиони граѓани кои работат или студираат во една, а живеат во друга земја на ЕУ. Според новата регулатива на Европската комисија, печатот и бирократските процедури поврзани со него повеќе нема да бидат потребни при презентирање на јавните документи издадени во една земја на ЕУ до органите на друга земја на ЕУ. Граѓаните повеќе нема да се обврзани да обезбедат официјален превод на нивниот јавен документ.

Европскиот комесар за правда, потрошувачи и родова еднаквост, Вера Журова истакна дека новите правила имаат значително влијание врз секојдневниот живот на граѓаните кои живеат или сакаат да живеат во друга земја на ЕУ.

Со новите правила се става крај на многу бирократски процедури:

• јавните документи издадени во земја-членка на ЕУ мора да бидат прифатени како автентични од властите во друга земја-членка без потреба од печат за автентичност;

• се укинува обврската граѓаните да обезбедат заверена копија и заверен превод на нивните јавни документи;

• регулативата поставува заштитни мерки против измама: кога органот има основано сомневање во автентичноста на јавниот документ, ќе може да ја провери автентичноста со соодветниот орган што го издал документот во другите земја на ЕУ, преку посебна ИТ платформа.

Овие правила беа предложени од Европската комисија во април 2013 година, по бројни информации од граѓаните кои се соочувале со долги и комплицирани процедури. Правилата беа усвоени во јуни 2016 година, а земјите-членки на ЕУ имаа рок од две години да се прилагодат на новите поедноставувања.

http://europa.eu

---

## ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ПОМЕЃУ ИНФОРМАТИВНИТЕ СИСТЕМИ НА ЕУ



Европската Унија воведува нови правила за интероперабилност помеѓу информативните системи на ЕУ во областа на правдата и внатрешните работи. Романското претседателство со Советот на ЕУ и претставниците на Европскиот парламент постигнаа прелиминарен договор за двете предложени регулативи за воспоставување рамка за интероперабилноста помеѓу информативните системи на ЕУ во областа на правдата и внатрешните работи.

Системот за интероперабилност овозможува брз пристап на властите до сите релевантни информации достапни во постојните бази на податоци со цел проверка на биометриските податоци во откривање случаи на двојни или повеќекратни идентитети.

Министерот за внатрешни работи на Романија Кармен Даниела Дан истакна дека интероперабилноста помеѓу информациските системи ќе овозможи системите да се надополнуваат еден со друг, да помогнат во олеснување на точната идентификација на лицата и да придонесат во борбата против измами.

Системите опфатени со двете регулативи ќе обезбедуваат поддршка за националните власти во областа на безбедноста, граничното и миграционото управување, визната обработка и азилот. Тие вклучуваат систем за влез/излез (EES), визен информативен систем (VIS), европски патнички информации и систем за овластување (ETIAS), Евродак, Шенген информатички систем (SIS) и информативен систем за европска криминална евиденција за државјани на трети земји (ECRIS-TCN), како и други релевантни бази на податоци за патни документи.

www.consilium.europa.eu/

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ПАЦИЕНТИТЕ




Од 09 февруари 2019 година се применуваат нови правила за безбедносни карактеристики за лекови кои се продаваат и издаваат на рецепт во ЕУ. Од сега па натаму, фармацевтските компании при производството на лекови на рецепт, мора на амбалажата на лекот да стават 2-D баркод и своевиден уред против фалсификување на амбалажата.

Аптеките (вклучително и онлајн аптеките) и болниците ќе мора да ја проверуваат автентичноста на лековите пред да го издадат лекот на пациентот. Ова е последниот чекор во спроведувањето на Директивата за фалсификувани лекови, усвоена во 2011 година со цел да се гарантира безбедноста и квалитетот на лековите што се продаваат во ЕУ. Речиси 7 години по донесувањето и имплементација на Директивата за фалсификувани лекови, таа ќе биде целосна благодарение на воведувањето на верификација и безбедност од самиот почеток на производство на лекот до неговата употреба од пациентот.

Европскиот комесар за здравство и безбедност на храна, Вутенис Андриукатис истакна дека секоја аптека или болница треба да има систем за поефикасно откривање на фалсификувани лекови. Комесарот упати охрабрувачка порака до министрите од земјите-членки на ЕУ, да го следат спроведувањето на новиот систем и да помогнат на сите засегнати страни за новите правила кои ќе спречат фалсификуваните лекови да завршат во рацете на пациентите.

Во наредниот период, новиот систем ќе биде мониториран за да се утврди дали истиот функционира правилно.

Лековите кои се произведени пред 9 февруари 2019 год. без безбедносни карактеристики, ќе можат да останат на пазарот до датумот на истекот на рокот. Новиот систем за проверка ќе бара од фармацевтите и болниците како овластени лица, да ја проверат, автентичноста на производите во целиот синџир на снабдување.

http://europa.eu

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / март 2019*




*1.Пленарни сесии на Европскиот парламент: 11-14/03/2019 и 25-28/03/2019, Стразбур;*
*2.Европски ден на потрошувачи, 27/03/2019, Брисел, Белгија;*
*3. „Твоја Европа - Твој глас!“ 2019 (YEYS 2019), 20-23/03/2019, Брисел, Белгија.*
*4. Состанок на Европскиот совет, 21-22.03.2019, Брисел.*

Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ

https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications/libraries-archives_en
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




